| ПРОЕКТНА ЗАДАЧА / TERMS OF REFERENCE<br>Наслов на проектот: ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА<br>Предмет: ЗАДАЧИ НА ЕКСПЕРТОТ<br>Експерт за животна средина | |
|---|---|
| **Информации за проектот** | |
| **За проектот:** | Проектот „ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА„ е во рамките на програмата „Граѓаните против корупцијата (ГПК)" и се спроведува од страна на граѓанската организација „Зелен институт„ во партнерство со граѓанската организација „Изгрејсонце". Проектот треба да обезбеди подобро управување со животната средина преку граѓанска контрола со активни и едуцирани граѓани, во насока на функционални и кредибилни институции, транспарентна и отчетна власт, овозможувајќи им на граѓаните да посочуваат и отвораат случаи на корупција во областите – злоупотреба на урбано зеленило, загадување на воздухот, опасни рудници, управување со отпад и поставување фотоволтаици на плодно земјоделско земјиште. Граѓаните ќе бидат информирани и мотивирани да пријавуваат корупција преку медиумска кампања што ќе ја спроведе ТВ Телма, во соработка со „Зелен институт". За пријавување на случаи со сомнеж за корупција ќе се користи посебна онлајн плаформа, што ќе биде достапна на веб страните на "Зелен институт", ТВ Телма, „Изгрејсонце", како и на други граѓански организации, што ќе се здружат во таканаречени тематски коалиции, со цел зајакната борба против корупцијата во животната средина. Членките на коалицијата и други заинтересирани граѓани ќе имаат можност да се обучат за граѓанско новинарство и да добијат правни совети, со помош на кои ќе започнат антикорупциски иницијативи. |
| **Цел на проектот:** | Да се мобилизираат граѓаните и да се создаде партнерство со медиумите во борба со корупцијата во животната средина. |
| **Засегнати страни:** | *Институции на централно ниво*: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Државна комисија за спречување на корупцијата, Државен инспекторат за животна средина.<br>*Локална самоуправа*: општините и општините во Градот Скопје, јавни комунални претпријатија за постапување со отпад, ЈП |

Проектот „Граѓаните против корупцијата во животната средина" се финансира со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) а во партнерство со МЦМС. Содржината и мислењата изразени во овој проект им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на МЦМС, УСАИД или на Владата на САД

| | |
|---|---|
| | Паркови и зеленило Скопје и јавните претпријатија што го одржуваат јавното зеленило во општините, овластени инспектори за животна средина и комунални инспектори.<br>*Приватен сектор*: медиуми (вклучително и ТВ Телма), индустрија (вклучително и рударска индустрија), инвеститори на фотоволтаични системи, сопственици на земјоделско земјиште, колективни постапувачи за посебни текови на отпад, инсталации за складирање и третман на отпад, изработувачи на урбанистички планови, изработувачи на хортикултурни планови, градежни компании и инвеститори на градежни објекти.<br>*Формални и неформални граѓански здруженија* што ќе се здружат во 5 тематски коалиции за борба против корупцијата во животната средина. |
| **Место:** | Република С. Македонија |
| **Временска рамка:** | ***01-11-2024 / 31-10-2026*** |
| **Резултати:** | Р1: Подигната јавна свест за корупцијата во животната средина и зголемено активно учество на граѓаните.<br>Р2: Зајакнат капацитет на граѓаните за учество во антикорупциски иницијативи.<br>Р3: Поголема транспарентност и отчетност на националната и локалната власт. |
| Активности | Р.1.<br>А.1.1. Одржување 5 граѓански форуми (Скопје, Тетово, Струмица, Битола и Велес) за корупција на теми: злоупотреба на урбано зеленило, отпад, опасни рудници, фотоволтаици на плодно земјиште, аерозагадување, кои ТВ Телма (известена и согласна) ги снима за 5 емисии.<br>А.1.2. Формирање 5 тематски коалиции за борба со корупцијата од страна на граѓански активисти и други заинтересирани граѓани и нивно учество во антикорупциски иницијативи.<br>А.1.3. Изработка и спроведување информативна мултимедијална кампања за најава на форумите и емисиите на ТВ Телма и на социјалните медиуми на партнерите.<br>А.1.4. Емитување 5 емисии за форумите и 5 дебатни емисии Топ-тема.<br>Р.2.<br>А.2.1. Изработка на онлајн платформа за пријавување корупција во животната средина и поставување на страните на проектните партнери. |

Проектот „Граѓаните против корупцијата во животната средина" се финансира со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) а во партнерство со МЦМС. Содржината и мислењата изразени во овој проект им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на МЦМС, УСАИД или на Владата на САД

| | |
|---|---|
| | А.2.2.Постојана интеракција со граѓаните преку платформата за нивните пријави на корупција и барања за правна помош.<br>А.2.3. Одржување обука за граѓанско новинарство за откривање и пријавување случаи на корупција.<br>А.2.4. Организирање и обезбедување бесплатни прави совети за поднесување пријави и поддршка на укажувачи и жртви на корупција.<br>Р.3.<br>А.3.1. Изработка на 5 студии на случај за корупција или сомнеж за неа и нивно објавување на онлајн платформата.<br>А.3.2. Спроведување на воведно и крајно истражување на јавното мислење заради проценка на ефектите од проектот.<br>А.3.3. Објавување резултати од истражувањето во емисија на Телма.<br>А.3.4. Застапување на граѓанските коалиции и отворање случаи на корупција со поддршка и правни совети. |

| **Задачи и должности на експертот:** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Цел на ангажманот*** | Придонес кон постигнување на резултатите:<br>Р1: Подигната јавна свест за корупцијата во животната средина и зголемено активно учество на граѓаните.<br>Р2: Зајакнат капацитет на граѓаните за учество во антикорупциски иницијативи.<br>Р3: Поголема транспарентност и отчетност на националната и локалната власт. | | |
| ***Опис на активностите*:** | Р.1.<br>А.1.1. Обезбедување помош на ТВ Телма околу одржувањето 5 граѓански форуми (Скопје, Тетово, Струмица, Битола и Велес) за корупција на теми: злоупотреба на урбано зеленило, отпад, опасни рудници, фотоволтаици на плодно земјиште, аерозагадување, кои ТВ Телма ги снима за 5 емисии:<br>• Учество во пишување синопсис за форумите, или обезбедување документи од релевантни извори, со цел детално информирање на одговорниот новинар/ка за соодветната тема | Времетраење: | • вкупно 59 дена<br>• 5 дена за учество во подготовката на 5 форуми<br>• 5 дена за учество во 5 емисии на Топ-тема како учесник или интервјуиран експерт<br>• 5 дена за учество во подготовката на 5 тематски |

Проектот „Граѓаните против корупцијата во животната средина" се финансира со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) а во партнерство со МЦМС. Содржината и мислењата изразени во овој проект им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на МЦМС, УСАИД или на Владата на САД

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Посочување можни учесници / говорници<br>• Интервју при подготовката или учество на форумот како говорник<br>А.1.2. Советување со „Изгрејсонце" во врска со формирање 5 тематски коалиции за борба со корупцијата од страна на граѓански активисти и други заинтересирани граѓани и нивно учество во антикорупциски иницијативи:<br>• Одржување состаноци за меѓусебно информирање околу можни членки на тематските коалиции<br>• Комуникација со граѓански организации со цел нивно мотивирање за учество во коалициите<br>Р.2.<br>А.2.1. Консултации со правниот експерт околу изработката на образец за пријавување случаи на корупција на онлајн платформата:<br>• Консултации за аспектите поврзани со животната средина и за информациите што граѓаните би можеле да ги достават како доказ за коруптивни случаи<br>А.2.3. Учество на обуката за граѓанско новинарство за откривање и пријавување случаи на корупција, во врска со аспектите на животната средина:<br>• Основи на корупцијата во животната средина<br>  ○ Што е корупција и како се манифестира во животната средина | | коалиции<br>• 2 дена за учество во изработката на прашалници за истражување на јавното мислење<br>• 25 дена за консултации со правниот експерт за аспектите поврзани со животната средина околу обезбедување правни совети, за законодавството во оваа област и за формулирање образец за пријавување случаи<br>• 4 дена за подготвување и одржување на обуката за граѓанско новинарство,<br>• 13 дена за пишување на студиите на случај |

Проектот „Граѓаните против корупцијата во животната средина" се финансира со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) а во партнерство со МЦМС. Содржината и мислењата изразени во овој проект им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на МЦМС, УСАИД или на Владата на САД

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ○ Регулативи поврзани со животната средина<br>○ Примери на корупција во животната средина (за злоупотреба на урбано зеленило, управување со отпад, опасни рудници, аерозгадување и фотоволтаици на плодно земјиште)<br>А.2.4. Советување со правните експерт во врска со обезбедување бесплатни прави совети за поднесување пријави и поддршка на укажувачи и жртви на корупција:<br>• Обезбедување помош на правниот експерт за спецификите на законодавството за животна средина<br>Р.3.<br>А.3.1. Изработка на 5 студии на случај за корупција или сомнеж за неа:<br>• Консултации со правниот експерт при изборот на 5 карактеристични случаи за изработка на студии на случај и систематизирањето на достапните податоци<br>• Пишување 5 студии на случај, по една од соодветните тематски области; студиите ќе опфатат: вовед, опис на случајот – идентификација, документација, опис на вклучените актери, последици врз животната средина, предлог активности за сузбивање на корупцијата и можни | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | интервенции<br>А.3.2. Помош при изработка на прашалник што ќе се користи во воведното и крајното истражување на јавното мислење заради проценка на ефектите од проектот:<br>• Консултации со правниот експерт и професионалната агенција што ќе го врши истражувањето околу формулирањето на прашалникот<br>А.3.4. Застапување на граѓанските организации / коалиции и други заинтересирани граѓани со цел отворање случаи на корупција:<br>• Консултации со правниот експерт во врска со обезбедување правни совети на членовите на 5-те тематски граѓански коалиции со цел идентификување случаи на корупцијата во животната средина | | |
| **Квалификации** | **Експерт за животна средина**<br><br>***Квалификации и вештини:***<br><br>- Академски профил: Универзитетска диплома од области поврзани со животната средина (инженер за животна средина, хемичар, технолог, архитект, биолог, машински / електротехнички инженер);<br>- Повеќегодишно искуство за застапување со акцент на зелени политики;<br>- Силни аналитички вештини и способност за пишување анализи и извештаи.<br><br>***Професионално искуство:***<br><br>- Најмалку десет (10) години професионално искуство со проекти од областа на животната средина: квалитет на воздух, управување со отпад, експлоатација на минерални суровини, планирање на урбано зеленило, обновливи извори на енергија, зелена економија.<br>- Најмалку десет (10) години искуство со законодавство и застапување на измени на закони и други мерки поврзани со | | |

животната средина.
- Најмалку десет (10) години искуство во соработка со граѓански организации;

***Експертот ќе ја достави следната документација:***

- CV - максимум 3 страници со примери од претходна работа поврзана со заштитата на животната средина, за секоја од областите
- Изјава за интерес што ја потврдува достапноста на кандидатот, независноста и отсуството на конфликт на интереси.

***Плаќањата ќе се вршат по приемот и одобрувањето на резултатите:***

- 50% до крајот на првата година, по спроведувањето на следните фази / активности:
    - 20 % по:
        - Изработен прашалник што ќе се користи во воведното истражување на јавното мислење за корупцијата во животната средина од страна на професионална агенција,
        - Формирање на 3 тематски граѓански коалиции,
        - Одржување на 3 граѓански форуми (Скопје, Велес и Струмица) од страна на ТВ Телма за корупција на теми: злоупотреба на урбано зеленило, аерозагадување и опасни рудници),
        - Формулиран образец за пријавување случаи на корупција на онлајн платформата во соработка со правниот експерт),
    - 30% по:
        - Формирање на 2 тематски граѓански коалиции,
        - Одржување на 2 граѓански форуми (Тетово, Битола) од страна на ТВ Телма за корупција на теми: управување со отпад и поставување фотоволтаици на плодно земјоделскмо земјиште,
        - Извршен избор на карактеристички случаи (заедно со правниот експерт) и подготвени 10 соодветни интервенции (од страна на правниот експерт, во консултација со експертот за животна средина)
- 40% до крајот на втората година, по слроведувањето на следните фази / активности:

Проектот „Граѓаните против корупцијата во животната средина" се финансира со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) а во партнерство со МЦМС. Содржината и мислењата изразени во овој проект им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на МЦМС, УСАИД или на Владата на САД

| | |
|---|---|
| | • 20% по:<br>  ◦ Спроведена обука за граѓанско новинарство,<br>  ◦ Извршен избор на карактеристички случаи (заедно со правниот експерт) и подготвени 10 интервенции (од страна на правниот експерт, во консултација со експертот за животна средина),<br>  ◦ Изработени 2 студии на случај,<br>• 20% по:<br>  ◦ Изработени 3 студии на случај,<br>  ◦ Извршен избор на карактеристички случаи (заедно со правниот експерт) и подготвени 5 интервенции (од страна на правниот експерт во консултација со експертот за животна средина),<br>  ◦ Изработен прашалник што ќе се користи во крајното истражување на јавното мислење заради проценка на ефектите од проектот од страна на професионална агенција.<br>- 10% по одобрувањето на финалниот наративен и финансиски извештај од страна на донаторот. |
| **Краен рок за поднесува ње понуди:** | Понудите да се доставаат до 12.12.2024 |

Проектот „Граѓаните против корупцијата во животната средина" се финансира со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) а во партнерство со МЦМС. Содржината и мислењата изразени во овој проект им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на МЦМС, УСАИД или на Владата на САД